До

Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Известување по точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка

На ден 2.7.2024 година, Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје донесе одлука со која предложениот кандидат, академик Владо Камбовски, беше повторно именуван за независен член на Надзорниот одбор на Банката, со мандат од 19.9.2024 година.

Во согласност со точка 19 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, пред повторно именување постоен член на Надзорниот одбор се врши оцена на соодветност на кандидатот за член на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на Банката, на ден 2.7.2024 година, по претходно добиена предлог – оцена за предложениот кандидат од страна на Одборот за именување, врз основа на обезбедената документација, а во согласност со критериумите наведени во точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, изврши анализа на знаењето и искуството на предложениот кандидат, на репутацијата што ја поседува, на објективноста и на независноста, како поединечно така и заедно со останатите членови на Надзорниот одбор, при што позитивно оцени дека предложениот кандидат ги исполнува соодветните критериуми за соодветност за остварување на функцијата независен член на Надзорниот одбор во Банката.

Имајќи ја предвид точката 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, со која Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери на Банката за резултатите од извршената оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор на Банката, ова известување се доставува до Собранието на акционери на Банката.

Скопје, септември 2024 година